# Р А М К О В Н А   С П О Г О Д Б А

Заклучена помеѓу:

**АД ЕЛЕМ Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје, со скратено име АД ЕЛЕМ**

**Претставувано од __________________________________, генерален директор**

**(во понатамошниот текст Купувач)**

**и**

**___________________________________, со седиште на _______________________________________**

**Претставувано од Управител, ____________________________**

**(во понатамошниот текст Продавач)**

## 1. ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

**Член 1**

Предмет на оваа Спогодба е дефинирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни како и регулирање на процедурата при: Купопродажба на електрична енергија за потребите на Купувачот.

Оваа Рамковна Спогодба ќе претставува основа за заклучување на поединечни договори за набавка/купопродажба на конкретни количини на електрична енергија во конкретен период, зависно од потребите на Купувачот.

## 2. БАРАЊЕ ЗА ПОНУДА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

**Член 2**

За реализација на секоја конкретна потреба од електрична енергија, Купувачот доставува писмено барање за прибирање на понуди до сите понудувачи со кои ја има заклучено оваа Рамковна Спогодба.

Рокот за поднесување на понудата ќе бидат дефинирани со секое барање за понуда.

Понудувачот ја доставува понудата во форма и на начин како во барањето за понуда кое ќе се доставува од страна на Купувачот.

Понудената цена се однесува на точка на прием во електроенергетскиот систем на Република Македонија.

Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност. Понудената цена треба да ги вклучува: цената за набавка на електрична енергија и трошоците за обезбедување на прекугранични капацитети, освен трошоците за Операторот на електропреносниот систем и Операторот на Пазар со електрична енергија предвидени со Правилата за пазар на електрична енергија. Оттука, предмет на евалуација ќе биде вкупната понудена цена со вклучени увозни царини без ДДВ.

Планираната количина на ниту еден начин не е обврзувачка за Купувачот.

## 3. ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ И ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА И ДОГОВОР ЗА ИСПОРАКА

**Член 3**

Отворањето на понудите за секое поединечно барање за понуди го врши Комисија на Купувачот без присуство на овластени претставници на понудувачите.

Постојат две постапки за набавка на електрична енергија:

1. Набавка на електрична енергија по пат на прибирање на понуди
2. Набавка на електрична енергија по пат на прибирање на понуди и спроведување на аукција со негативно наддавање

Видот на постапката по која ќе се спроведе набавката на електрична енергија Купувачот ја дефиниран во Барањето за понуда.

Изборот на најповолна понуда и доделување на договорот за набавка , Купувачот го врши врз основа на единствениот критериум – **најниска понудената цена**.

Врз база на претходно прифатена понуда од страна на Купувачот, договорните страни, за секоја конкретна испорака ќе заклучуваат Поединечен договор кон оваа Спогодба со кој ќе се утврдат: количините, цените, вредноста на договорот, рокот на испорака и други услови кои не се предвидени со оваа Рамковна Спогодба.

## 4. УСЛОВИ НА ПРИЕМ/ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТИЧНАТА ЕНЕРГИЈА

**Член 4**

**Преземање обврски од страна на купувачот**

Купувачот ја превзема електричната енергија на точката на прием во ЕЕС на Република Македонија.

**Обврски за испорака на Продавачот**

Продавачот му ја испорачува вкупната количина на електрична енергија на Купувачот согласно Поединечниот договор кој ќе произлезе врз основа на оваа Спогодба во ЕЕС на Република Македонија.

Испораката на електрична енергија се гарантира во текот на времетраењето на целиот рок на договорот освен доколку Продавачот е ослободен од обврските за испорака според она што е утврдено со оваа спогодба.

Правото на сопственост и ризикот од загубите на испорачаната енергија согласно оваа Спогодба, преминува од Продавачот на Купувачот на местото на испорака.

**Динамики (возен ред) на снабдување со електрична енергија**

Страните ја потврдуваат динамиката на испорака/преземање на електрична енергија со надлежните диспечерски центри во согласност со правилата во сила на надлежните диспечерски центри.

Испорака/преземање на електрична енергија се врши во согласност со Policy 2 "Sheduling and Accounting" од "ENSO E Operational handbook".

## 5. УСОГЛАСУВАЊЕ НА КОЛИЧИНИ, ФАКТУРИРАЊЕ И УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 5.**

Испорачаните/примени количини на електрична енергија, Купувачот и Продавачот меѓусебно ќе ги усогласат во првиот работен ден по завршување на месецот. Продавачот ќе го информира Купувачот по факс/ e-mail за количините на електрична енергија во периодот на испорака (месецот што изминал) а Продавачот истиот ден ќе ги потврди.

После извршеното усогласување, Продавачот ќе издаде и достави фактура за испорачаната електрична енергија. Фактурирањето ќе се врши до 5- от ден од месецот за усогласени количини испорачани во претходниот месец, по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на фактурирање.

Плаќањата на фактурите ќе се вршат одложено во рок од 60 дена од денот на фактурирањето.

## 6. ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 6.**

Понудувачот е должен фактурите за испорачаната електрична енергија да ги достави на следната адреса:

**АД "Електрани на Македонија"**
**Оддел за купопродажба на електрична енергија**
**ул. "11 Октомври" бр. 9, 1000 Скопје, Република Македонија**

Фактурата да содржи: соодветен доказ за испорачаната електрична енергија, бројот на Договорот и други неопходни податоци и информации.

## 7. ГАРАНЦИИ

**Член 7.**

***Гаранција на понудата***

Понудувачот при поднесување на секоја понуда е должен да обезбеди банкарска гаранција на понудата или депозит во износ од 3% од вредноста на Понудата со рок на важност од 30 (триесет) денови по денот на спроведување на аукцијата.

Гаранцијата на понудата на Понудувачите чија понуда не е избрана за најповолна се враќа по склучување на договорот со најповолниот Понудувач, на следниот начин:

- гаранција дадена во форма на банкарска гаранција се враќа лично во седиштето на понудувачот или по пошта
- гаранција дадена во форма на депонирани средства, се враќа по добивање на писмени инструкции за поврат на истите, дадени од Понудувачот. Сите трошоци при враќањето на средствата се на терет на Понудувачот

Гаранцијата на понудата може да се наплати, односно трајно се задржуваат депонираните средства, доколку Понудувачот: ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност, не го потпише договорот или не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

Гаранцијата на понудата му се враќа на Продавачот во рок од 8 дена од денот на склучување на Поединечниот Договор со најповолниот Понудувач/ Понудувачи.

***Гаранција за квалитетно извршување на договорот***

Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна е должен да обезбеди финансиска гаранција за квалитетно извршување на договорот во вид на банкарска гаранција или депозит. Финансиската гаранција за квалитетно извршување на договорот се однесува на секој Поединечен договор кон Рамковната Спогодба.

Банкарската гаранција/депозит ќе биде издадена/даден од/во банка во Република Македонија во висина од 10% од износот на Поединечниот договор кон Рамковната Спогодба, со рок на важност 30 дена подолг од важноста на Поединечниот договор кон Рамковната Спогодба. Банкарската гаранција треба да биде неотповиклива, безусловна и платлива на прв писмен повик.

По потпишување на Поединечниот договор и давање на финансиската гаранција за квалитетно извршување на поединечниот договор, Финансиската гаранција на понудата му се враќа на Понудувачот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот му се враќа на Продавачот во рок од 14 дена од денот на истекување на важноста на Поединечниот договор.

## 8.ВИША СИЛА

**Член 8.**

Како Виша сила се смета секој настан или сите околности или комбинирани настани или околности кои се вон разумна контрола на субјектот; кој/кои негативно влијае на извршувањето на обврските на една од Страните според овој Договор и Поединечниот Договор; и негативни ефекти кои не можеле да се предвидат или спречат, надминат,

отстранат или ублажат во целост или делумно од субјектот преку длабинска анализа и соодветна грижа и кој вклучува но не е ограничен на војни постапки (најавени или ненајавени), инвазија, вооружен судир или дејство од странски непријател, ембарго, револуција, бунт, востание, граѓански нереди или нереди, вандализам или терористички дејствија; штрајкови, затворање на објекти, рестриктивни работни пракси или други трудови нереди; уредби, прописи или рестрикции наметнати од страна на влади или владини, административни или регулаторни агенции или органи освен ако не е резултат на прекршување од страна на една од Договорните Страни; и екстремни природни дејствија како гром, земјотрес, пожар, поплава, лизгање на земјиште, обично обилни или пролонгирани врнежи од дожд или недостаток од вода како последица на временски или еколошки проблеми. Недостатокот или недоволни средства или недостапни средства не се сметаат за настан на Виша сила.

Секоја Договорна Страна ќе употреби разумни комерцијални напори за отстранување на причините за евентуалните доцнења или прекини во случај на Виша Сила, што е можно побрзо, во согласност со обврските наведени во Договорот, и ќе преземе такви разумни чекори доколку е потребно да ги ограничи евентуалните штети на другата Договорна Страна.

Ниту една од Договорните Страни не презема одговорност за трошоците или штетите настанати поради прекин или намалување на набавката на електрична енергијата како резултат на Случај на Виша Сила. Секое намалување кое настанало како резултат на Случај на Виша Сила ќе резултира со еквивалентно намалување на количината на електрична енергија која треба да ја обезбеди Продавачот, и количината на електрична енергија која треба да ја преземе Купувачот, според Поединечниот Договор.

## 9. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ

**Член 9**

Страните се согласни, обврските дефинирани и информациите дадени во оваа спогодба или во договорите кои можат да произлезат од оваа спогодба, да се сметаат за доверливи и да не се откриваат на трето лице, ниту пак да се објавуваат во текот на важење на оваа спогодба, освен доколку е неопходно некоја информација да стане јавна на барање на државни органи или надворешни тела на компетентни меѓународни организации каде членуваат Р.Македонија и/или АД ЕЛЕМ – Скопје.

## 10. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН И РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 10.**

За оваа Спогодба и договорите кои ќе произлезат од оваа спогодба исклучиво се применуваат законите на Република Македонија.

Сите спорови кои можат да настанат по оваа Рамковна Спогодба и договорите кои ќе произлезат од оваа Спогодба, страните ќе се обидат да ги решат на спогодбен начин, по пат на преговори.

Во текот на евентуален спор, страните нема да ја прекинат оваа Рамковна Спогодба и реализацијата на договорите кои ќе произлезат од оваа Спогодба освен во случаите на виша сила.

Надлежен суд за решавање на споровите меѓу договорните страни ќе биде Основен Судот Скопје II, Скопје.

**<u>11. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ</u>**

**Член 11.**

Сите измените и дополненија кон оваа Рамковна Спогодба ќе се вршат со анекс, во писмена форма меѓу договорните страни.

Ништовноста на некоја одредба на оваа спогодба не повлекува ништовност и на спогодбата или договорите кои ќе произлезат од оваа Спогодба, ако таа може да опстане и без ништовната одредба и ако таа не била ни услов на спогодбата ни решавачка побуда поради која е склучена спогодбата.

Оваа Рамковна Спогодба стапува во сила по нејзиното потпишување од двете договорни страни.

Важноста на оваа Рамковна Спогодба е 1 (една) година од нејзиното потпишување од двете договорни страни

Оваа Рамковна Спогодба е направена на македонски јазик во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| **КУПУВАЧ** | **ПРОДАВАЧ** |
|---|---|
| ____________________ | __________________ |
| **АД ЕЛЕМ – Скопје** | ___________________________________ |